# -ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

**Архивски број:04-9905/7**
**Датум:01.12.2025**

Врз основа на член 2 став 2 и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 , 199/14, 27/16 и 35/18 и Службен весник на РСМ бр.198/18, 143/19, 14/20 и 208/24), член 23 став 4 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр. 167/15, 27/16, 120/18, 110/19, и Службен весник на РСМ бр.267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25), член 188 став 5 и член 212 став 17 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр.32/24) и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година, 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година, В.Д.Директорот на установата донесе:

## О д л у к а

За избор на кандидат за помошно-техничко лице по пат на јавен оглас бр.05/2025

1.За извршител на работното место Возач, звање на работното место помошно-техничко лице за превоз на лица и опрема од второ ниво, шифра на работното место **СОЗ0403А02001**, еден извршител во Одделот за административни и помошно-технички работи, по јавен оглас за вработување бр.05/2025, **СЕ ИЗБИРА Игор Здравков.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на интернет страната на ЈУМ ЦСР Велес и на Огласната табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-2528/2 од 04.04.2025 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас бр.04-9905/1 од 20.11.2025 година и е објавен Јавен оглас бр.05/2025 за пополнување на работно место со вработување бр.0401-9905/2 од 20.11.2025 година, објавен на ден 21.11.2025 година во два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик – Слободен печат и еден од весниците кои се издаваат на јазикот кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева" број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот – Лајм, како и на интернет страната и на огласна табла на установата.

Со Одлука бр.04-9905/1 од 20.11.2025 година формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката на административна селекција на кандидатите и интервју. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од административна селекција бр.0401-9905/3 од 01.12.2025 година и Записник од спроведено интервју со кандидатот бр.0401-9905/4 од 01.12.2025 година, како и Записник од спроведено интервју бр.0401-9905/5 од 01.12.2025 годинапри што состави Финална ранг листа на кандидати по јавен оглас бр 05/2025, бр.0401-9905/6 од 01.12.2025 година.

Според погореизнесното, Комисијата за селекција за вработување изготви Финална ранг листа и предлог одлука за избор, кои ги достави до В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес.

Врз основа на изготвената ранг листа и предлог одлуката, В.Д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Велес изврши избор и донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка во работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката за избор на кандидат.

Доставено до:
-Кандидатот
-Оддел за административни работи
-Архива

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Бобан Нецинов**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk